СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

**Бр. 17-961/3**
Скопје, **13.09.2024** година

Врз основа на член 6, во врска со член 13 од Деловникот за работа на Комисијата за стручни стоматолошки прашања бр.02-1404/1 од 07.11.2018 година в.в со член 4 од пречистениот текста на Правилникот за КСУ бр. 02-529/7, Комисијата за стручни стоматолошки прашања во состав: проф. д-р Киро Папакоча-претседател, проф. д-р Ана Белазелковска Грежловска, доц. д-р Денис Бафтијари, вон. проф. д-р Катерина Златановска и проф. д-р Наташа Тошеска Спасова, на својата седница одржана на ден **13.09.2024 година,** ја донесе следната

## ОДЛУКА

**Член 1**

Се забранува **јавно објавување на материјали** за одржување на облици на континуирано стручно усовршување, **со назначување на бодовното вреднување** на обликот на стручното усовршување, пред донесување **одлука за признавање и категоризација** од Комисијата на стручни стоматолошки прашања на Комората.

**Член 2**

Се забранува користење на **логото и називот на Стоматолошката комора на Македонија** од страна на друштва и здруженија кои не се акредитирани организатори од страна на Комисијата на стручни стоматолошки прашања и други правни субјекти кои склучуваат договори со акредитирани спроведувачи на стручни настани за соработка при организирање на видовите на континуирано стручно усовршување.

**Член 3**

Објавувањето на информации за одржување на облици на континуирано стручно усовршување, **назначување на бодовното вреднување** на обликот на ксу, користење на логото и називот на Стоматолошката комора на Македонија спротивно на член 1 и 2 од оваа одлука, како и **употреба на погрешен назив на Комората** (*пр. Стоматолошка комора на Република Северна Македонија, Dental Chamber of North Macedonia и сл.)* ќе биде основ за изрекување на **мерки (договорни казни)** од страна на Комисијата, а согласно член 28 став (8) од Правилникот за КСУ и превземање на други правни мерки.

**Член 4**

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА,**

**Комисија за стручни стоматолошки прашања**
**Претседател,**
**проф. д-р Киро Папакоча**

М.П.

ул „Балзакова" бр. 32, Скопје
skm@skm.mk
www.skm.mk